РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2092/2

24-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на второто продолжение на 55та седница одржана на 18.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2092/1 од 01.06.2021 година, против Судија ----------- од Основен граѓански суд ---------- **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, во конкретниот случај на Судски совет на РСМ.

Предметот со број 12-2092/1 од 01.06.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 01.06.2021 година, поднесено е известување за постапување на Судија ---------- од Основен граѓански суд ------- и оформен е предмет број 12-2092/1 од 01.06.2021 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека извесен адвокат ------------- од Скопје во предмет ---------- што се водел во Основен суд -----------, си дозволил да го одземе основното човеково право на пријавителот загарантирано со Уставот на РСМ и Европската конвенција за човекови права, правото на жалба пред повисок суд. Споменатиот адвокат имал полномошно од страна на Друштвото ----------- ДООЕЛ од Скопје да го застапува друштвото се до правосилно завршување на постапката по предмет ---------. Адвокатот постапил спротивно на Уставот, Европската конвенција за човекови права, Кодексот на етика на адвокатите, затоа што со своерачен потпис ја примил пресудата на првостепениот орган и не го известил пријавителот дека ја примил пресудата, ниту пак во законски

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

предвидениот период поднел жалба до повисокиот суд. Од тие причини пријавителот доставил тужба за надомест на штета против адвокатот ----------, предмет заведен под бр. ---------- во кој судијата --------- утврдила дека првостепената пресуда во предмет -----------, адвокатот --------------- уредно ја примил, и не го задолжил адвокатот со ниту еден денар надомест на штета. Во моментот предметот е пред апелационен суд кај судија известител ----------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по истиот предмет се води постапка пред надлежен суд, односен Апелационен суд ---------.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М -Виш соработник
Одобрил: СПД – Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска**